ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса:Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Тел: 02 3289 091
Централа 02 3289 000

Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број ______________**
**Датум 01.07.2011**

**До:**
**-Фармацевтска комора на Македонија**
**-Лекарска комора на Македонија**
**-Здружение на приватни лекари на Македонија**
**-Подрачни служби на ФЗОМ**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

На web-страната на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на почетната страна во делот на новости и соопштенија од ФЗОМ за давателите на услуги, е објавено Упатство за пропишување на рецепти од страна на матичните лекари.

Во ова Упатство во точката 1-Упатство за постапување на избраните лекари (општа медицина, гинекологија и стоматологија) во врска со обврската за пропишување на лекови на печатен рецепт на товар на ФЗОМ е наведно дека:

“Избраниот лекар е должен во рецептниот образец да ги пополни сите полиња кои се однесуваат во делот на пропишување на лекот и податоците за осигуреникот, а за лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот со режим на пропишување по препорака на специјалист/субспецијалист да го внесе бројот на факсимилот во соодветното место на рецептниот образец.

Исклучок претставуваат:

- Лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за кои е потребно мислење на лекарски конзилиум чијашто препорака се евидентира на задната страна на рецептниот образец со наведување на име и презиме на лекарите и броевите на факсимилите.
- Исклучокот ќе се применува до објавувањето на новиот рецептен образец со Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. “

Ве молиме за ова и за објавувањето на наведеното Упатство на web-страната на Фондот да ги информирате сите ПЗУ ординации и ПЗУ аптеки во примарна здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот, со цел примена на прописите во пракса, непречено работење, и крајно, остварување на правата на нашите осигуреници.

Изготвил: Ирена Барутоска
Кристина Тосевска

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса:Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Тел: 02 3289 091
Централа 02 3289 000

Е-пошта: info@fzo.org.mk

Одобрил: Кристина Христова

**Директор**
**М-р Маја Парнарџиева-Змејкова**

**ВД Директор**
**М-р Виолета Петровска**